Вкупно **57,8% од испитаниците рекле дека ќе излезат на претстојниот Референдум** за решавање на спорот со името, **од нив, 70,8% рекле дека ќе гласаат „за“** на референдумското прашање – ова го покажа најновото истражување на МЦМС и Телевизија Телма „ [Референдум 2018 – ставови на јавноста за решавање на спорот со името] “ во чиј фокус беа прашањата за излезност, поддршка на прашањето и причини за тоа.




Процентот на оние што **нема да излезат на гласање е 28,8%** и меѓу нив, **најбројни се оние што рекле дека ќе го бојкотираат (59,2%)** , а 27% рекле дека не ги интересира.

Како главна причина за поддршка на рефередумот која ја навеле испитаниците е тоа дека договорот ќе помогне за влез на државата во ЕУ и во НАТО (62,3% од нив, односно 25,5% од сите испитаници). Дополнителни 26,7% од нив (односно 10,9% од целата популација) сметаат дека договорот е добро решение за долгогодишниот спор.

Најчестите причини за гласање „против“ кај испитаниците кои ќе излезат на гласање, што е вкупно 8,6% од сите испитаници, се дека со договорот се менува идентитетот на Македонците и дека со него се нанесува штета на државните интереси.




Прашани за ставовите за неколку изјави, граѓаните се прилично поделени. Па така, **58,5 % целосно или делумно се согласуваат дека сите граѓани треба да излезат на референдумот**
, а 34,9% не се согласуваат со оваа изјава. За
**55,9% референдумот треба да биде задолжителен**
, а не консултативен;
**52,6% целосно или делумно се согласуваат дека Македонија нема подобри алтернативи од ЕУ и од НАТО**
, за разлика од 35,3% кои целосно или делумно не се согласуваат. Вкупно
**57,6% сметаат дека одлуката за референдум мора да биде донесена во согласност со сите политички партии**
. Мнозинството (52,6%) смета дека
**референдумското прашање е јасно формулирано, а договорот со Грција е добар компромис**
меѓу заложбите за зачувување на идентитетот и стремежот за интеграција во ЕУ и во НАТО (51,2% наспроти 41,6%).

Од друга страна, мнозинство од испитаниците **(50,7%) не се согласуваат со изјавата дека „постапката во Собранието за спроведување на договорот треба да продолжи без оглед на исходот на референдумот“**
.

**Нема мнозинска поддршка за три прашања** па така, 48,0% се согласуваат дека **договорот им штети на државните интереси**
, додека 40,5% не се согласуваат и, 42,2% се согласуваат дека
**Македонија не може да добие подобар договор со Грција**
во иднина додека 40,0% не се согласуваат. Вкупно 46,3% не се согласуваат со изјавата дека
**треба да се следи волјата на мнозинството граѓани што ќе гласаат**
, без оглед колку граѓани ќе излезат да гласаат, дури и ако се помалку од 50%, за

разлика од 43,0% кои се согласуваат.

За МЦМС и Телма, анкетата ја спроведе М-проспект. Во анализата на податоците учествуваше и Институтот за демократија „Социетас цивилис“ – Скопје. Податоците за последната анкета беа прибирани со теренска анкета во периодот од 7 до 25 август 2018 година. Анкетата е спроведена на национален репрезентативен примерок од 1000 испитаници.

Истражувањето е дел од проектот „Топ тема на ваша страна“, што го поддржа УСАИД.